Граѓанскиот активизам во јули покажа дека промената се гради и низ малите, секојдневни чекори. Медиумите на заедницата продолжија да добиваат нов простор низ регионите, додека новинарската професија доби нов етички компас. Животната средина остана во фокус на голем дел од грантистите, кои од караванот низ градовите до компостирањето во градинките ја покажаа циркуларната економија во пракса. Младите во Крушево експериментираа со вештачка интелигенција за да ги решаваат проблемите на своите заедници, а анализите за високото образование и родовата еднаквост укажаа на предизвиците што сè уште чекаат да се надминат. Во овој број на Граѓански импулс ги пренесуваме најзначајните активности на грантистите на Цивика мобилитас низ месецот.




Институтот за истражување на општествениот развој РЕСИС и Советот за етика во медиумите на Македонија [организираа работилница во Куманово] за петнаесетина млади, активисти и новинари од Североисточниот регион. Настанот е дел од проектот „Медиуми на заедницата за посилно граѓанско општество“, чија цел е иницијативата „Локал Актив“, да се прошири и во нови региони. Учесниците разговараа за професионалните и етичките стандарди во известувањето, а на крајот заедно разработуваа идеи од кои наскоро ќе произлезат нови стории на платформите на

„Локал Актив“.




Од друга страна, а сепак во новинарскиот свет, Здружението на новинарите на Македонија, Македонскиот институт за медиуми и Советот за етика во медиумите на Македонија  го промовираа новиот Кодекс на новинарите на Македонија , резултат на инклузивен, повеќефазен процес во рамки на проектот „Јакнење на етичките стандарди за поголема доверба во медиумите“. Кодексот ги допрецизира стандардите во повеќе области, меѓу кои употребата на вештачка интелигенција, проверката на информации, заштитата на ранливите категории и известувањето за самоубиства.
 Кодексот
е достапен на веб-страниците на ЗНМ и МИМ во осум јазични верзии.

За животната средина овој јули се зборуваше на отворено, а Зелениот караван 2026 продолжи низ градовите со музика, смеа и едукативни содржини за граѓаните.

Караванот застана во Неготино , каде вечерта помина во едукативни активности и разговори за одрживите навики, со модераторка Ана Зафирова, стенд-ап настап на Надица Петрова и музика од PEPPERMINT. Истиот формат го понесе и до Штип , каде на сцена излегоа и децата од ЈУДГ „Вера Циривири – Трена“ со еко-рецитал, како и учениците од СОУ „Димитар Мирасчиев“ со еко-модна презентација. Последна станица за јули беше Струмица , реализирана во соработка со Центарот за истражување и анализи НОВУС. Караванот е дел од проектот „ЗЗЗ – Заеднички за зелено застапување за заштита на животната средина“, што Центарот за младински активизам КРИК го спроведува заедно со Центарот за социјални иницијативи „Надеж“ и Здружението на социјални работници на Македонија.

И дали општокорисната работа за деца може да стане алатка за зелени промени? Тоа е прашањето од кое тргнува новата иницијатива на ЦМА КРИК , дел од истиот проект. Иако мерката е законски предвидена, таа сè уште ретко се применува во пракса. Затоа, организациите предлагаат таа да се пилотира како форма на зелена социјална работа, во општините Неготино, Демир Капија, Росоман и Кавадарци, каде наместо да се сведе на исполнување законска обврска, станува можност децата да се вклучат во уредување и одржување зелени површини, пошумување и еколошки акции.



Грижата за зелени навики кај најмладите продолжи и во градинките на Скопје. Со донаторска поддршка, преку проектот „Граѓански активизам за остварување на циркуларна економија во управувањето со органски отпад“, спроведен од Центарот за ресурси во животната средина (РЕЦ), „Еко логик” и „Флорозон”, во јули беше донирана компостара во градинката „Орце Николов“ во општина Карпош . На настанот присуствуваше и градоначалникот на општината, кој изрази задоволство од иницијативата и ги посети дечињата во градинката. Компостерот ќе овозможи органскиот отпад во градинката соодветно да се селектира и компостира, а во процесот активно ќе бидат вклучени и децата, кои преку практични активности ќе учат како тој се претвора во природно ѓубриво. Организациите подготвија и ново промотивно видео кое ја истакнува важноста на селекцијата на органскиот отпад, во чија продукција учествуваа експерти, наставници и ученици од основните училишта.

Циркуларната економија се најде во фокусот и на регионално ниво. Зелен институт, во партнерство со Националното здружение на сопственици на приватни шуми, во јули одржа два регионални форуми во рамки на проектот „Нула биоотпад: системски промени во партнерство со граѓаните“. На форумот во Куманово на 2 јули беа презентирани резултати според кои Североисточниот регион годишно создава над 40.000 тони биоотпад, а четири дена подоцна, на форумот во Берово , беше претставено истражување за Источниот плански регион, каде количината на биоотпад надминува 86.000 тони годишно. Учесниците на двата форуми се согласија дека потребна е посилна институционална поддршка и заедничка акција за воспоставување одржлив систем за управување со биоотпадот.


Нула биоотпад: Системски промени во партнерство со граѓаните

[illegible]

МОЈОТ ГЛАС ВО МОЈОТ ГРАД

